Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 08-10/5
31.10.2024 год
Новаци

Врз основа на член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/02 , а во врска со член 75 став 4 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр 24/2019 и Сл весник на РСМ бр 87/2021 ) и врз основа на член 96 став 3 од Стаутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр 07/2019) , Градоначалникот на општина Новаци донесе :

# О Д Л У К А

## За измена и дополнување на годишниот план за јавни набавки на општина Новаци бр 05-10/1 од 03.01.2024 година (петта измена)

1. Врз основа на барањето од страна на ОУ„Славко Лумбарковски" Новаци и одлуката на Совет на општина Новаци за одобрување бр 14-708/19 од 24.10.2024 за набавка на информатичка опрема за потребите на училиштето за опремување на кабинет за информатика ,а во согласност со неговиот годишен план за јавни набавки како и потребите на општина Новаци од спроведување на дополнителна постапка , се дополнува Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци за 2024 година и тоа :

**во I Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки**

**Се додава :**

- Набавка на инфроматичка опрема за потребите на ОУ „Славко Лумбарковски " (групна набавка) со набавка од мала вредност ,планиран почеток во месец ноември , вкупна вредност 363,156.77 без вкучен ДДВ

**во II Договори и рамковни спогодби за јавна набавка на услуги**

**Се додава :**

-Набавка на услуги од новогодишно украсување , со набавка по поедноставена отворена постапка , планиран почеток во месец ноември ,вкупна вредност од 150.000,00 денари без вклучен ДДВ

2.Се задолжува лицето за јавни набавки да ја спроведе оваа Одлука

3.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение :**

Општина Новаци има потреба од измена на планот за јавни набавки бидејќи до Советот на општината пристигнаа барања за спроведување на постапки за јавни набавки кои се однесуваат на набавките за потребите на ОУ„Славко Лумбарковски"како и набавка за потребите на општината за новогодишно уркасување. Набавката за училиштето ќе се спроведат како групна набавка бидејќи училиштето располага со мала администрација која нема капцитет да ја спроведе набавката . Согласно горенаведеното ,градоначалникот донесе одлука за измена на планот за јавни набавки. На целокупниот план за јавни набавки ќе се додадат овие измени кои ќе бидат направени во текот на месец ноември 2024 година.

**Изработил : Филип Радевски**
**советник за јавни набавки**

**Општина Новаци**
**Градоначалник**
**Стевче Стевановски**